Прилог 3: **МЕТОДОЛОГИЈА** доставува до:



**ПРЕДМЕТ:** **МЕТОДОЛОГИЈА** за изработка на план за справување со пожари на отворен простор за Национален парк „Галичица" и сценарио за практична вежба за справување со пожари на отворен простор подготвена од **проф д-р Александар Главинов**

**ВРСКА:** Барање број број 04-0507/03 од 05.02.2025 година за подготовка на план за справување со пожари на отворен простор за Национален парк „Галичица" и сценарио за практична вежба за справување со пожари на отворен простор од Истражувачкото друштво „Урсус спелеос" во рамките на проектот „Заштита на пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови во Националниот парк „Галичица" од негативните ефекти на климатските промени", поддржан од Prespa Ohrid Nature Trust – PONT

# МЕТОДОЛОГИЈА
# НА ИЗРАБОТКА НА ПЛАН ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПОЖАРИ НА ОТВОРЕН ПРОСТОР ЗА НАЦИОНАЛЕН ПАРК „ГАЛИЧИЦА“И СЦЕНАРИО ЗА ПРАКТИЧНА ВЕЖБА ЗА „СПРАВУВАЊЕ СО ПОЖАРИ НА ОТВОРЕН ПРОСТОР ВО НАЦИОНАЛЕН ПАРК „ГАЛИЧИЦА“

Планираните активности за изработка на План за справување со пожари на отворен простор за јавната установа Национален парк „Галичица“ (во понатамошниот текст План) и Сценарио за практична вежба за „Справување со пожари на отворен простор во јавната установа Национален парк „Галичица“ (во понатамошниот текст Сценарио) ќе бидат реализирани според временската рамка од ТОР-от односно повикот и тоа Планот за справување со пожари на отворен простор за јавната установа Национален парк „Галичица“ ќе биде завршено до **30.04.2025** година а Сценарио за практична вежба за „Справување со пожари на отворен простор во јавната установа Национален парк „Галичица“ ќе биде завршено до **31.05.2025** година

Воведни напомени:

Главниот акцент во справувањето со катастрофи во ЈУ Националниот парк Галичица е ставен на справувањето со ризикот и опасностите од **пожари**.

Во нашето законодавство, се прави разлика помеѓу **шумски пожар** и **пожар на отворен простор** (точка 27 и 28 од членот 12, Закон за шуми, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 64/09).

Терминот „**шумски пожари**“ се поврзува со горење на шума, на грмушки или „пожари во диви површини“ и најчесто се однесува на несакани пожари, при што горат шуми и диви предели

Термионот **„пожар на отворен простор“** е „секое неконтролирано горење на шума и шумско земјиште, без оглед на зафатената површина, интензитетот и причината за негово настанување, кој опфаќа и горење на земјоделска површина и пасиште, поблиску од 200 метри до работ на шумата“,

Според анализите на ЈУНП Галичица, пожарите во Паркот ги предизвикуваат малкумината активни сточари и се предизвикани од човечка небрежност или други побуди. Овие причини се различни од традиционалното редовно и контролирано опожарување, кое служи за одржување на пасиштата.

Но постојат и други анализи за настанување на пожарите во ЈУНП Галичица а тоа се:

- присуството на големи количини запалив материјал (дрво, лисја, сува трева, смола и друго) на отворен простор на кој тешко може да се контролира случајното и намерното опожарување.
- палење отворен оган од страна на излетници, овчари, туристи, шумски работници, планинари, спортисти и други лица кои се движат и престојуваат во шумите.

За да се подготви план за справување со пожари на отворен простор за ЈУНП Галичица, планот ќе биде изработен и ќе се темели на основите на постоечките нормативни акти кои се поврзани со пожарите на отворен простор и тоа:

- Законот за пожарникарство, (“Службен весник на РСМ” бр.152/19)
- Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16 и 39/16)
- План за управување со национален парк Галичица за периодот 2021 – 2030 година, книга I, издание 2020 година
- План за управување со национален парк Галичица за периодот 2021 – 2030 година, книга II, издание 2020 година
- План за управување со национален парк Галичица за периодот 2021 – 2030 година, книга III, издание 2020 година
- Просторниот план на Националниот парк Галичица
- Закон за прогласување на дел од планината Галичица за национален парк (Службен весник на РМ, бр. 171 од 30.12.2010 год)
- Стратегијата за развој на одржливиот туризам на НПГ 2021 – 2025, која е составен дел на Планот за управување со НПГ 2021 – 2030.
- како и подзаконските акти кои произлегуваат од наведените закони.

Следна активност е воспоставување на потребната структура на Планот во кој би се разработиле прашањата како што се:

- историјат и актуелна состојба со пожарите во ЈУНП Галичица.
- мерки за едукација и подигнување на јавната свест за заштита од пожари;
- превенција на пожари
- површина и видови на шуми со кои стопанисува установата (опис на шумски и тревен фонд, патна мрежа за пристап до шумските површини, хидролошки карактеристики на терените.
- степен на опасност од пожари и систем за рано предупредување;
- подготвителни мерки за заштита од пожари;
- активности пред сезоната на пожари;
- рано откривање, дојава и првичен одговор;
- почетен напад, локализирање и гаснење на пожарот;
- расположливи ресурси (човечки и материјални) на НП Галичица
  - вкупен број на вработени со образовна квалификациона структура. внатрешна организација (одделенија, служби и работни единици),
  - преглед на вработените кои можат да се ангажираат,
  - преглед на технички средства, алатки и друга опрема за гаснење на пожар на отворен простор,
  - преглед на технички средства ,алатки и друга опрема за гаснење на пожар на отворен простор.
- управување со горливиот материјал;
- управување со опожарената површина и
- други субјекти вклучени во реализација на Планот и активности кои треба да се преземаат, како и комуникација и координација со нив.

Потоа наведените прашања текстуално би се обработиле и би се пополниле со податоци (фотографии, табели, графикони, мапи и слично) кои ќе се добијат од:

- ЈУ Националниот парк Галичица,
- веб страницата на Националниот парк Галичица,
- План за управување со национален парк Галичица за периодот 2021 – 2030 година, книга III, издание 2020 година
- како и од слободни извори од интернет.

По изработката на Планот се преоѓа кон изработка на содржина на Елаборат за изведување на практична вежба во чии рамки се развива предметното Сценарио.

Со сценариото се развива една општа ситуација која се поддржува со листа на настани и таксативно набројување на силите кои ќе се увежбуваат односно кои делови од Планот ќе се проверат и евалуираат.

Во подготовките за реализацијата на сценариото ќе ми бидат потребни информации од претставник на Националниот парк Галичица за постоечките човечки ресурси, материјално технички средства, моторни возила, противпожарни средства и сл. како би бил во можност да што поквалитетно го изработам сценариото за практичната вежба „Справување со пожари на отворен простор во НП „Галичица“

Скопје, 10.02.2025 година

Подносител на методологијата
д-р Александар Главинов, ред. проф